# 72. ЈАС ТЕ ПРАТИВ НА ВОДА, КАЛИНО




Јас те пратив на вода, Калино,
ти на вода одаш,
бело лице миеш,
по ергени гледаш,
мори Калино.

Јас те пратив на лојзе, Калино,
ти на лојзе одаш,
бело грозје береш,
на ергени даваш,
мори Калино.

Пусто да остане мамо, лицето,
кога нема, нема,
либе да го љуби !
Јас мајка не слушам,
мори Калино.

Пусто да остане мамо, лојзето,
кога нема, нема,
ерген да го јаде !
Јас мајка не слушам,
мори, шо збори.

Каракаш, Бранко, Антологија на македонски нардони песни, Скопје: Дега, 1995